**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

**В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А**

**„Генерал Михаило Апостолски“ Скопје**

**- придружна членка -**

# Б И Л Т Е Н

## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

# 50

**23 ноември 2010 година**

**Скопје**

## С О Д Р Ж И Н А


1. Реферат за избор на соработник за наставно-научната област воени науки, по предметот ***Применета географија со топографија*** во Воената академија во Скопје 882
2. Реферат за избор на соработник за наставно-научната област општествени науки, по предметот ***Оперативно планирање*** во Воената академија во Скопје 888
3. Реферат за избор на соработник за наставно-научната област економски науки, по предметот ***Економика со основи на финансиски менаџмент*** во Воената академија во Скопје 893
4. Реферат за избор на соработник за наставно-научната област општествени науки, по предметот ***Комуникација и комуникациски вештини*** во Воената академија во Скопје 900

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОЕНИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТОТ: ПРИМЕНЕТА ГЕОГРАФИЈА СО ТОПОГРАФИЈА ВО ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 132, став 2, од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 35/08, 103/08, 26/09), Наставно-научниот совет на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје на својата седница одржана на ден 21.10.2010 година не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник (во сите звања) за наставно-научната област воени науки, по предметот Применета географија со топографија на Воената академија во Скопје**.**

Комисијата утврди дека по распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер" од 14.09.2010 година, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Александар Петровски, поручник. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Воената академија да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Подобност на кандидатот**

Кандидатот м-р Александар Петровски, ги исполнува условите за избор во соработничко звање бидејќи има: завршено високо образование и магистратура од подрачјето за кое конкурира; наставно-педагошко искуство; и објавено научни и стручни трудови.

**II. Биографски податоци**

Кандидатот **м-р Александар Петровски** е роден на 15.11.1981 година во Крива Паланка, Република Македонија. Основното образование го завршува во Крива Паланка. Во 2000 година завршува Општа гимназија во Крива Паланка, а во 2005 година дипломира на Воената академија во Скопје, со што се здобива со звање дипломиран офицер од родот Инженерија.

Од 2005 година е активно воено лице во Армијата на Република Македонија (АРМ). Од почетокот е вклучен во системот на военото образование и обука во АРМ од 10.11.2005 година како Инструктор по инженерија во питомечкиот батљон, а од 23.01.2008 до 02.09.2009 извршувал работни обврски во Секторот за правни, кадровски и студенстки прашања како офицер за персонални и правни работи, за да од 10.02.2010 биде упатен во Центарот за обука на питомци при Командата за обука - Велес, каде што работи и во моментов.

Со одлука на Наставно научниот совет на Воената академија бр. 04-17/79 од 18.10.2006 година, м-р Александар Петровски е ставен во Планот за развој на наставниот кадар во Воената академија и се предлага за натамошно научно усовршување заради стекнување на научен степен магистер на науки.

Со одбрана магистерскиот труд под наслов *„Примена на географските информациски системи во одбраната на просторот Деве Баир - Страцин"* во септември 2010 година на Институтот за географија на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се стекнува со научен степен **Магистер на географски науки – насока тематска картографија.** Со ова го

исполнил Договорот за уредување на меѓусебните права и обврски за време на стручното оспособување и усовршување бр. 04-3890/11 од 12.09.2007 година со Министерството за одбрана.

Има објавено повеќе научни трудови во земјата од областите што се предмет на неговиот интерес. Кандидатот одлично го познава англискиот јазик, германскиот и францускиот јазик и во работата успешно се служи со компјутерската техника.

**III. Наставно-образовна дејност**

Кандидатот м-р Александар Петровски како **наставна активност**, одговорно, стручно, квалитетно и креативно ја организираше и изведуваше доделената наставата на курсевите за офицери за службите во АРМ, од областа на Воената топографија, а исто така успешно ги реализира вежбите од предметот Применета географија со топографија на питомците од Воената академија во учебната 2009/2010.

Наставно-образовната дејност на м-р Александар Петровски се гледа и во воведувањето на современи методи и технологии во наставниот процес, пред се во користењето на напредни образовни и компјутерски техники во наставата.

Кандидатот е коавтор на Скрипта **(Инженерија – род во Армијата на Република Македонија**, пполк Александар Главинов, м-р виш предавач на ВА, пор Александар Петровски, м-р, Воена академија, мај 2010 година). Во оваа скрипта се опишани и објаснети инженериските машини кое се користат во Армијата на Република Македонија. Скриптата ја користат питомците од Првиот Циклус на студии, во образовниот процес по предметот „Инжерија - род во Армијата на РМ“ и во теренската обука за време на стажирањето во инженериските единиците во АРМ.

Кандидатот бил ангажиран во реализацијата на голем број домашни и меѓународни активности и курсирања, од кои овде ги наведуваме само позначајните:

- Курс за командири на водови 2006, извршен офицер за операции, теренски вежби, АП Криволак, 29.05. – 10.07.2006 година;
- Елаборат за МЕС, инструктор по инженерија на ККВ 2006, полигон за МЕС Петровец, 2006.
- Курс за ХЕРМЕС, систем за електронско водење на персонални досиеа, ГШ НА АРМ, Г-1, 07-11.07.2008 година.
- NATO Project, SfP – 982063 **”Management of Security Related R&D in Support of Defence Industrial Transformation”,** Project Co-Directors: Mr. Heinrich Buch, Universität der Bundeswehr München, Germany, (NPD); Prof. Dr Tilcho Ivanov, University of National and World Economy, Sofia, Bulgaria, (PPD); Prof. Dr Stoian Markov, Institute for Parallel Processing of Information – BAS, Sofia, Bulgaria; Iulian Fota, National Defence College, Bucharest, Romania Dr. Zoran Ivanovski, European University, Skopje, Macedonia, јуни, 2009, Сертификат за учество, Информации за Проектот на интернет адреса: http://sfp.e-dnrs.org/
- Летен кампус – офицер за персонален менаџмент, теренска - меѓународна вежба, АП Криволак, 28.06 – 08.07.2010 година.
- Терenски логорувања на Курсевите за офицери за служби во АРМ во учебните 2007/2008/2009 и со питомците од првиот циклус на студии на Воената академија од 12.06. – 28.06.2010 година како главен инструктор по топографија.

Како што може да се види, наставно-образовната активност и работата на развојот на современата наставна база се поклопува со понатамошниот научно-стручниот развој на м-р Алексанадар Петровски.

## IV. Научно-истражувачка работа

Магистерскиот труд под наслов „*Примена на географските информациски системи во одбраната на просторот Деве Баир - Страцин* " е компјутерски изработен труд напишан на 153 страници со вкупно 14 прилози од кои 13 прилози се компјутерски самостојно изработени тематски карти за дадено подрачје. Структурата на трудот се состои од десет глави во кои детално е обработен просторот Деве Баир – Страцин.

Магистарскиот труд преставува детална разработка на една од најважните технологии на денешнината а тоа е глобалното поврзување на луѓето од целиот свет заради брзата размена на информации, знаења, достигнувања и координација на работата. Поврзувањата од ваков тип се одвиваат во сите видови на човековите активности: во науката, техниката, уметноста, економијата, одбраната и сл. Можноста за брз пристап до информациите, како и нивната брза размена денес е толку стандардна работа што оние кои еднаш ќе започнат да ги користат тие услуги тешко можат да ја замислат натамошната работа без нив.

Управувањето со просторот како единствена алтернатива за воспоставување на подносլива рамнотежа меѓу растечките демографски потреби и ограничените природни ресурси, меѓу другото бара брза и ефикасна инвентаризација, валоризација, обработка, селективно прикажување и користење на масовни ГИС. Низ продлабочената анализа на најновите теоретски и апликативни достигнувања во развојот на информатичката технологија, успешно се докажува дека ГИС технологијата поседува револуционерни можности за обезбедување на квалитетни информации кои се неопходни во процесите на планирањето и уредувањето на просторните системи за воени потреби.

ГИС во одбраната и понатаму се најефикасен начин за постигнување на проектираните цели во сите домени на современото одбранбено организирање. Овие системи се доста погодни за интегрирање на голем број информации од цивилниот сектор со воените информации на различни (селективни) рамништа така што на најдобар начин се уриваат вештачките бариери меѓу воените и цивилните работи кои досега првенствено произлегуваа од неможноста за нивно интердисциплинарно и интегрално третирање.

Примената на воените апликации во кои ГИС технологијата претставува основна алатка со неограничени можности. Тие се согледуваат преку: изработка на сите видови на карти, навигација, користење на системи за глобално позиционирање (ГПС), анализа на терени, разни стратегиски и оперативни планирања и моделирања на борбените дејства, управување со борбените дејства (тактика), поддршка на основните операции и останати научни апликации поврзани со одбраната. Во основата на воените апликации со помош на ГИС технологијата се можностите за изработка на дигитална топографска карта на нашиот државен простор, а воедно и можноста за военогеографски проценки на одделни можни правци на употреба на нашите вооружени сили. Со помош на ГИС системите од истите би се добивале огромен број географски податоци кои би биле на располагање на оперативните команди во секое време. Исто така, во делот на научно – истражувачката работа од областа на одбранбената стратегија, без користење на ГИС технологијата не ќе бидеме во состојба да го проектираме и со симулирање на ефектите да го избереме најоптималниот модел за користење на одреден дел од нашиот простор во воени услови. Не би постоела и можноста за ефикасна употреба на ГИС системите во процесите на идентификација и одранбена валоризација на географските фактори во

нашиот простор кои се битни за дефинирање на геостратегиската и воено – политичката положба на нашата земја во регионален поглед и пошироко.

Кога се во прашање воените апликации на ГИС системите, посебно е важно да се нагласат можностите за симулација на воените вежби и маневри. Со користење на дистрибутивна симулација се овозможува истовремена интеракција на членовите на проектниот тим и извршителите на вежбите кои се наоѓаат непосредно на теренот. На тој начин мисијата се претставува во реален визуелен облик, во реално време, на дадениот простор и со можности за тестирање и корекции на замислата за борбени дејства, распоредот и структурата на ангажираните сили и средства.

Крајната цел на примената на ГИС во одбраната се можностите воените истражувања, замисли, проекти и идеи моделски да се претставаат, со што би се дала и можност за визуелно и интерактивно симулирање на проектите и максимална објективизација на процедурите кои претходат на секоја стратешка одлука. Мрежната симулација заедно со информатичката технологија, поврзувајќи ги луѓето од најразлични специјалности во една интегрирана целина овозможува стекнување динамично едукативно искуство и претставува највисоко објективизирано рамниште за донесување компететни стратешки одлуки не само за потребите на одбраната, туку и во сите други сфери на човековото дејствување.

Во самата изработка на магистерскиот труд се користени два софтверски пакети и тоа Auto CAD 3d Map и Map info profesional со кои е изработен 3Д преглед на теренот на дадениот простор. Низ соодветна оперативна наредба е воспоставено можно сценарио на одбранбени борбени дејства како и конекција меѓу ГИС софтверот и воените симулации. Истиот труд преставува основа и база за понатамошни истражувања во оваа област со конкретна примена во настава и обуката со питомците и слушателите на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје.

Иднината на ГИС заедно со мрежната симулација заедно со информатичката технологија, поврзувајќи ги луѓето од најразлични специјалности во една интегрирана целина овозможува стекнување динамично едукативно искуство туку и претставува највисоко објективизирано рамниште за донесување компонентни стратешки одлуки не само за потребите на одбраната, туку и во сите сфери на човековото делување.

Многу организации во светот денес трошат огромни парични средства на географско информациони системи и на географски бази на податоци. Се претпоставува дека во следната декада ќе се трошат билиони долари на вакви апликации.

Кандидатот покажува зрелост и смелост да се втурне во една така комплексна материја и истата да ја обработи, а со самото тоа да даде исклучителен придонес кон сè поновата домашна литература во оваа област која преставува доста нова материја и терен од интерес на современите армии.

Трудот е напишан со јасен стил и изградена научна методологија. Во него е консултирана и коректно цитирана најрелевантната домашна и странска литература, а паралелно со трудот е дадена и посебна глава на речник и скратеници што на трудот му дава посебна тежина. Сето ова нè уверува дека магистерската работа на **м-р Александар Петровски** ќе послужи на сите кои ќе сакаат да се запознаат со актуелните текови во областа на географските информациски системи кај нас и во светот, а посебно со нивната примена во армијата.

Во подолу наведената Табела на активности кои се бодираат при изборот во звање, кандидатот м-р Александар Петровски, поручник има остварено вкупно **29** поени со што го надминува потребниот квантум за избор во наставното звање соработник од **25** поени.

ПРИЛОГ 1

## ТАБЕЛА
## НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| **Р ед. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| | | **формула** | **формула** | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Наставно-образовна дејност** | | | |
| 1 | Интерна скрипта од предавања | 4 | | 4 |
| 2 | Интерна скрипта од вежби | 2 | | 2 |
| 3 | Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат) | 3х0,2+1 | | 1,6 |
| 4 | Предавања | 3х2х1,5 + 1 | - | 10 |
| 5 | Вежби | 1х3х0,2 | - | 2,4 |
| | | 3х3х0,2 | | |
| 6 | Организатор на летна школа (Летен кампус 2010) | 1х2 | | 2 |
| **ВКУПНО** | | | | **22** |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 7 | Одбранета магистерска работа | 1х4 | | 4 |
| **ВКУПНО** | | | | **4** |
| | **Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност** | | | |
| 8 | Учесник во научен проект | | 1х3 | 3 |
| **ВКУПНО** | | | | **3** |
| **ВКУПНО** | | | | **29** |

**V. Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на м-р Александар Петровски, комисијата константира дека кандидатот има завршено Воена академија – род Инженерија и магистратура од областа на Природните науки област Географија. Од самиот преглед и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени трудови, се гледа солиден научно-стручен развој на кандидатот.

Согласно со член 16 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев", каде што Воената академија е придружна членка, кандидатот **м-р Александар Петровски** целосно ги исполнува сите услови за избор во соработничко звање – соработник.

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" – Скопје кандидатот **м-р Александар Петровски** да го избере во звањето **соработник** за наставно-научната област **воени науки**, по предметот **Применета географија со топографија**.

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:**

**Д-р Јове Д. Талевски, ред. проф. на Педагошки факултет – Битола, с.р.**

________________________________

**Д-р Благоја Марковски, ред. проф. на Природно - математички факултет – Скопје, с.р.**

____________________________________

**Д-р Тони Милески, вонр. проф. на Филозофски факултет – Скопје, с.р.**

_________________________________

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ „ОПЕРАТИВНО ПЛАНИРАЊЕ“

Наставно-научниот совет на Воената академија со својата одлука бр.03-25/87 од 21.10.2010 година, како и дописот бр.07-929/5 од 21.10.2010 година, определени сме за Рецензиона комисија за избор на еден соработник по предметот „Оперативно планирање“. Врз основа на Законот за Високо, образование, Законот на Воената академија и Правилникот за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“–Штип, со особено задволство го прифативме членството во Рецензионата комисија и го доставуваме следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс од страна на Воената академија во дневниот печат Вечер и Лајм од 14.09.2010 година во предвидениот рок се пријавиле четири кандидати, редоследот на кандидатите ќе биде прикажан според редоследот на пристигнувањето на документите до Академијата:

1. м-р Мирвет Рамадани;
2. м-р Игор Ѓорески;
3. м-р Фердинанд Оџаков,
4. м-р Дарко Стерјовски

### 1.1. Биографски податоци

Кандидатот **м-р Мирвет Рамадани** роден е на 17.07.1981 година во Скопје, каде завршил Основно и Средно образование. Во истиот град на Филозофскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се стекнал со Високо образование, со стручен назив Дипломиран професор по одбрана и заштита. На истиот факултет при Институтот за одбрамбени и мировни студии-Студии, по мир и развој, го одбранил магистерскиот труд под наслов „Организираност на системот на заштита и спасување во Република Македонија за функционирање во хуманитарни кризи“ и се здобил со научен степен магистер по мир и развој (видено од приложеното уверение на Филозофскиот Факултет бр.09-91/07 од 03.11.2008 година).

Во изминатиот период кандидатот, бил Заменик на директорот на дирекцијата за заштита и спасување (во натамошниот текст ДСЗ) при Владата на Република Македонија и Советник кај директорот на Центарот за управување со кризи, (во натамошниот текст ЦУК). Ваквите позиции му овозможиле кандидатот да учествува на многу семинари, конференции и вежбовни активности, како во земјата така и во други држави.

Кандидатот наведува дека ги познава: албанскиот, македонскиот, српскиот, хрватскиот, англискиот, а делумно и германскиот јазик, а исто така има познавање од повеќе компјутерски вештини.

**1.2. Научно-истражувачка работа и наставно искуство**

Со увид во документите може да се констатира дека кандидатот го има подготвено и одбрането магистерскиот труд, кој погоре е цитиран, други податоци не се презентирани ниту приложени.

Кандидатот во повторното отпочнување со работа на Воената академија од страна на Матичната комисија во 2009 година е избран за соработник по предметот „Системи за управување со кризи и заштита и спасување“. Предметот се реализира во третиот семестар.

**2. 1. Биографски податоци**

Кандидатот **м-р Игор Ѓорески**, роден е на 30.03.1975 година во Прилеп. Основното образование завршил во с. Обршани, а гимназија во Прилеп.

Во 1999 година на Филозофскиот Факултет (Институт за одбранбени и мировни студии) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се стекнал со Високо образование со стручен назив Дипломиран професор по одбрана и заштита.

Во 2006 година, на истиот Универзитет се стекнал со звањето магистер по одбранбени науки, а во 2010 пријавил и докторат под наслов „Управување и раководење со системот за одбрана во Република Македонија“

Кандидатот од март 2007 година е работно ангажиран во Министерството за одбрана на разни должности.

**2.2. Научно-истражувачка работа и наставно искуство**

Кандидатот наведува дека има работено на шест проекти, една професионална едукација, а бил присутен на тринаесет меѓународни курсеви во земјата и странство. Солидно го познава англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик, а поседува и високи вештини при работата со компјутерската техника.

Покрај наведеното, кандидатот наведува дека ги има објавено и следните трудови:

1. И. Ѓорески, Менаџмент и лидерство во раководењето со одбраната, Современа македонска одбрана, бр.17, Скопје, стр.169
2. И. Ѓорески, Техники на лидерство, Современа македонска одбрана, бр.18, Скопје, стр. 23

Кандидатот наведува дека во постапка за печат има уште еден труд, но се уште не е објавен.

Во 2009 година при повторното отпочнување со работа на Воената академија, од страна на Матичната комисија бил избран за сорабоник по предметите: „Организација и менаџмент“ и „Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови“. Предметите се реализираат во прва и втора година на Првиот циклус на студии на Воената академија.

### 3.1.Биографски податоци

**М-р Фердинанд Оџаков** е роден во Гњилане, Р. Косово, на 31 мај 1969 година. Во април 1994 година дипломирал на Институтот за одбрана и заштита (сега Институт за безбедност, одбрана и мир) при Филозофскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, при што се стекнал со стручен назив дипломиран професор по одбрана и заштита.

Во 2010 година на истиот Институт го одбранил магистерскиот труд под наслов „Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот и организираниот криминал” и се стекнал со научен степен магистер по одбрана.

Во текот на професионалната кариера во периодот од 1996-2004 година извршувал повеќе должности во Министерството за одбрана на Република Македонија.

Од 2004 до 2007 година работи во Министерството за внатрешни работи. На почетокот како главен инспектор, а потоа и како Виш полициски советник во Секторот за гранични работи на Бирото за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Од 1 јуни 2007 година е поставен на местото Раководител на Воената служба за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана на Република Македонија.

М-р Фердинанд Оџаков е учесник на пет курсеви, семинари, работилници во земјата и во странство, во организација на НАТО, Демократскиот центар за контрола на вооружените сили со седиште во Женева, како и Министерствата за одбрана на САД и Холандија. Во Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“ во Гармиш, СР Германија, е учесник на четири семинари и конференции.

Кандидатот има високо познавање на англискиот јазик, а ги владее српскиот и хрватскиот јазик, како и солидно познавање на комјутерските вештини.

### 3.2. Научно-истражувачка работа и наставно искуство

Кандидатот интезивно се занимава со научно-истражувачка работа, што се гледа од приложените трудови.

Кандидатот со материјалите доставени до Воената академија ги приложи следниве трудови:

1. F. Odzakov, Police Reform in the Ministry of Iinternal Affairs of the Republic of Macedonia, pages: 121-128, Security Sector Reform in South East Europe-from a Necessary Remedy to a Global Concept, 13. Workshop of the Study Group „Regional Stability in South East Europe”, Wienna and Geneva, January 2007
2. Ф. Оџаков, „Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот и организираниот криминал” Магистерскиот труд, Филозофски факултет Скопје, 2010.
3. Ф. Оџаков, М. Дојчиновски, Разузнавачки операции и асиметрични закани ” , монографија, Соларис принт, Скопје, 2010, бр. на стр. 254,

4. F. Odzakov ,,New challenges for intelligence structures in 21.st century”, First international campus, Pepelishte, Republic of Macedonia, June 28-July 2010, University “Goce Delcev” Stip&Military Academy ,,General Mihailo Apostolski” Skopje, p. 77-82,.
5. Ф. Оџаков, Оска на злото, Сведок, бр.83-84, Скопје, 2003 стр. 44-45
6. Ф. Оџаков, Кризата во Ирак (Заврши ли второто полувреме)?, Сведок, бр. 85, 13, Скопје, 2003, стр. 48-51
7. Ф. Оџаков,Човечкото тело како оружје, Сведок бр. 86, 2003, стр. 38-41
8. Ф. Оџаков, Трагедијата кај Локерби, Сведок, бр. 87, Скопје, 2002, стр.40-45
9. Ф. Оџаков АРМ во Ирак, Војници на мирот, Сведок, бр. 88-89, Скопје, 2003, стр.42-43
10. Ф. Оџаков, Вистината за Хамас, Воено крило на муслиманското братство, Сведок, бр. 88-89, 2003, стр.44-45
11. Ф. Оџаков, Волци, Шкорпиони и Рисови под команда на генералот Мајлс, Сведок бр.90, 17, Скопје, 2003, стр. 46-47
12. Ф. Оџаков, Воено крило под фереџе, Сведок, бр.90, 2003, стр.48-49
13. Ф. Оџаков, Кој се тероризира во Ирак, Сведок, бр. 91, Скопје, 2003, стр.36-37
14. Ф. Оџаков, Палестинците егзекутори на својот народ, Сведок, бр.91, Скопје, 2003, стр. 38-39
15. Ф. Оџаков Терористички организации-Хезболах, Сведок, бр. 92, Скопје, 2003, стр.40-41
16. Ф. Оџаков Тероризмот во Ирак, Сведок, бр.92, Скопје, 2003, стр.42-43
17. Ф. Оџаков, Хезболах, со тероризам до саканата цел, Сведок, бр.93, Скопје, 2003, стр.44-45
18. Ф. Оџаков Кога државата наплатува рекет, Сведок, бр.93, Скопје, 2003, стр.48-49
19. Ф. Оџаков, Кој го уби Сержо де Мело, Сведок, бр. 94, Скопје 2003, стр.48-49
20. Ф. Оџаков, Создавањето на Министерство за внатрешна безбедност на САД, Сведок, бр.95, Скопје, 2003, стр.36-37
21. Ф. Оџаков, Џама Исламија-Крвникот на Југоисточна Азија, Сведок, бр. 97-98, Скопје, 2003, стр. 35-37

Со одлука на Наставно-научниот совет на Воената академија (акт. бр.03-25/11 од 20.04.2010 год.), а согласно Законот за Високо образование, кандидатот во учебната 2009/10 бил ангажиран како експерт за одделни содржини во предметот ,,Основи на национална безбедност“ на Првиот циклус на студии на Воената академија.

**4.1. Биографски податоци**

Кандидатот, **м-р Дарко Стерјовски**, роден е на 04.02.1980 година во Скопје, каде што завршил основно, средно образование и Воена академија во насоката пешадија.

Од приложените материјали се гледа дека кандидатот во текот на службата во Армијата на Република Македонија, посетувал разни курсеви и семинари, вкупно седум, каде се стекнал со нови знаења и вештини од разни области, меѓу кои спаѓа и изучувањето на англискиот јазик во Шумен Р.Бугарија при што се стекнал со СТАНАГ 3.2.2.2.

**4.2. Научно-истражувачка работа и наставно искуство**

Кандидатот во приложената документација не наведува дека има посебни искуства од оваа област, освен изработениот и одбранет магистерски труд.

1. Д.Стерјовски, Развојот на европската безбедност и одбранбено политички согледувања низ односот на ЕУ и НАТО низ конфликтите од Западен Балкан, магистерски труд, Институт за Социологија, Филозофски Факултет, Скопје, 2009.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изнесеното, пријавените кандидати формално правно ги исполнуваат условите за избор на соработник по предметот „Оперативно планирање“, меѓутоа анализирајќи ги кандидатите во поглед на работното искуство поврзано со предметот, наставното искуство, бројот на публикувани трудови, сепак кандидатот м-р Фердинант Оџаков отскокнува во во однос на другите кандидати. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ од Скопје која е придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кандидатот м-р Фердинант Оџаков да го избере во звањето **соработник** во општествените науки по предметот „Оперативно планирање“.

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:**

1. д-р Трајче Мицевски, ред. проф., УГД-Штип, с.р

2. д-р Росе Смилески, ред.проф., полк. ВА Скопје, с.р

3. д-р Методија Дојчиновски, доц., ВА Скопје, с.р

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТОТ ЕКОНОМИКА СО ОСНОВИ НА ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 35/08, 103/08, 26/09), Наставно-научниот совет на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник во наставно-научната област *Економски науки*, по предметот *Економика со основи на финансиски менаџмент* во Воената академија во Скопје**.**

Комисијата утврди дека по распишаниот конкурс, објавен во весникот „Вечер" и Лајм од 14.09.2010 година, во предвидениот рок се пријавија 4 (четири) кандидати и тоа (по азбучен ред): м-р Валентина Симонова, поручник; м-р Зоран Сандев, капетан; м-р Стефан Ивановски, капетан; м-р Тања Митева. По прегледот на конкурсните материјали го доставуваме следниот,

**ИЗВЕШТАЈ**

Кандидатите со пријавите доставиле и документи од кои се гледа дека условот од конкурсот *кандидатите да се воени лица, офицери во чин поручник и повисоко и да имаат службена оценка најмалку се истакнува во последните две години*, го задоволуваат кандидатите: м-р Валентина Симонова, поручник; м-р Зоран Сандев, капетан и м-р Стефан Ивановски, капетан, додека кандидатот м-р Тања Митева не го задоволува условот. Покрај тоа, во извештајот ги оценуваме сите четири кандидати, затоа што таксативно се бара од нас во Одлуката за формирање на рецензентската комисија (бр. 03-25/88 од 21.10.2010 година).

**1. м-р Валентина Симонова, поручник**

**I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатот м-р Валентина Симонова, поручник е родена на 10.08.1976 година, во Неготино. Средно училиште завршила во Неготино. Во 2002 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, смер *Финансов сметководствен менаџмент*. Во 2003 година завршува Курс за стручно оспособување и усовршување на офицери за потребите во Армијата на Р. Македонија , и се стекнува со чин поручник. Во 2008 година се запишува на последипломските студии на Економски науки, Прв приватен универзитет ФОН, смер *Менаџмент во банкарскиот, профитен и непрофитен сектор*, каде по успешно положните испити, предвидени со студиската програма во 2010 година кандидатот го одбранил магистер-

ски труд под наслов “*Управување со индивидуални разлики при организациски конфликти*”, со што се стекнал со звањето магистер на Економски науки.

Има посетувано повеќе курсеви, а еден од нив е курсот Office management во 2002 година, организиран од Education and Training Center Pivara Skopje.

Во 2003 година се вработува во ВП 1095 – Скопје, како инструктор по интенданска служба. Од 2004 до денес работи како командир на интендански вод, во четата за логистичка подршка во Воена академија.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА И НАСТАВНО ИСКУСТВО

Во 2002 година, работи како наставник волонтер, во болницата за лица со посебни потреби, Специјален завод, Демир Капија.

Во 2003 година како инструктор по интендантска служба изработува планови за реализација на наставата.

Со одлуки на Наставно-научниот совет на Воената академија од 2007 година па до сега активно е вклучена во наставниот процес на Воената академија, со изведување на настава и вежби за службите во Курсот за стручно оспособување и усовршување на офицери за служба во АРМ, по предметите: Организација и економика на исхраната, Тактика на интендантска служба и Организација и економика на опремата, и изведување на вежби по предметот Воена логистика.

Во мај и јуни 2010 година, кандиндатот бил ангажиран во работната група, за успешна реализација на меѓународната активност ЛЕТЕН КАМПУС 2010.

**2. м-р Зоран Сандев, капетан**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Зоран Сандев, капетан е роден на 28.11.1978 година во Штип. Основно и средно образование завршил во родното место. Во 2001 дипломирал на Воената академија во Скопје насока АБХО.

По завршувањето на Воената академија се вработил како офицер во Министерството за одбрана, односно Армијата на Република Македонија: во 2001 година е поставен за командир на АБХ вод, 1 механизирана бригада, во 2004 година е поставен за командир извидувачки АБХ вод во АБХО чета, а во 2008 година е поставен за заменик командир на АБХО чета.

Во 2007 година ги завршил последипломските студии на Економскиот факултет во Скопје, а во 2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Врвните менаџери и улогата на информациската технологија во креирање на бизнис стратегија“ и се стекнал со стручен назив магистер по економски науки.

Во 2009 година пријавил докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје, и со одлука на Наставно научниот совет, број 02-2199/2 од 15.09.2009 година е усвоен извештајот за подобност на кандидатот со темата „*Воведување на е-бизнис за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија во Република Македонија*”.

Во периодот од 19.10 до 30.10.2009 година кандидатот престојувал на Воената академија Zrinji Miklos, Будимпешта Република Унгарија, како слушател на курсот за тренинг обука МТП-45.

Покрај напред наведеното, м-р Зоран Сандев, кепатен зема активно учество во реализацијата на првиот вебинар:„Webinar", TEAM POINT: Зголемување на колективното знаење во информациски системи во организацијата од 12.-14.05.2009 година.

Исто така бил ангажиран во 2010 година како обучувач, COSMO иновативен центар, област проектен менаџмент.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА И НАСТАВНО ИСКУСТВО

Кандидатот м-р Зоран Сандев, капетан наведува дека работи во 2009 година, како асистент во наставната област Менаџмент на информациски системи, на Универзитетот МИТ**.**

Земал учество во консалтинг проектот *Center of International Business Education and Development and Executive MBA Program - Ohio University*, Јуни 2006, и во оваа областа реализирал и две стручни предавања по покана, и тоа: на тема "Информациски технологии за вештачка интелегенција и управување со информациони системи"**,** предавање по покана Triples Learning, Скопје, 2010 година, и на тема "Унапредување на продажба користејќи ИТ", Макпетрол.

Покрај наведеното, кандидатот наведува дека ги има објавено и следните трудови:

1. Зоран Сандев, *Значењето на инструменти на меѓународниот платен промет за финасискиот систем во земјата*, Економист, Скопје, 2008, (интернет страна и печатено издание број 11. страна 14)
2. Зоран Сандев, *Бизнис стратегии*, Претприемач, Скопје, 2008 (интернет портабл)
3. Зоран Сандев, *Улогата на технологијата во бизнис стратегијата и бизнис процесите,* Капитал, Скопје, 2009, број 475, страна 21.
4. Зоран Сандев, *Ризик на капиталот,* Економски форум, Институтот за *економски* стратегии и меѓународни односи, Скопје, 2009.
5. Зоран Сандев, *Модели на колективно знаење,* ХР профил, септември, (интернет портабл).
6. Зоран Сандев, *Стратегија на раст и развој на претпријатието со користење на ИТ,* МАСИТ, 15 октомври, Охрид.

### 3. м-р Стефан Ивановски, капетан

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Стефан Ивановски е роден на 18.10.1977 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Во 2001 година дипломирал на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, со што се здобил со звањето дипломиран офицер на оклопно-механизирани единици.

Моментално работи како офицер за контакти со НАТО и стратешка аналитика во Воената служба за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана на Република Македонија. Во текот на својата кариера во Министерството за одбрана на Р. Македонија ги извршувал следните функции: заменик командир на командна чета во прв пешадиски баталјон во Единица за борба против тероризмот; командир на нуркачки тим во Падобранско диверзантски одред во ВВиПВО; командир на Флајт за специјални намени во ВИНГ; офицер за разузнавање на Балкан во ВСБиР. Во текот на својата работа има учествувано на многубројни курсеви, конференции, семинари и школувања во земјата и во странство, а учествувал и во проектот за трансформација на ВВ и ПВО.

Последипломските студии по Е-бизнис менаџмент ги завршил во рамките на TEMPUS проектот на Европска Унија, со успешната одбрана на магистерскиот труд под наслов "*Transforming Army-Human and Technological Aspects*", се стекнал со диплома за магистер по економски науки од Универзитетот Пантеон, Сорбона од Париз, Франција и од Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје. Предавањата за време на магистерските студии ги слушал на англиски јазик на три универзитети и тоа: Универзитетот Пантеон, Сорбона од Париз, Франција; Универзитетит за применети науки од Ајндховен, Холандија; и Универзитетот West Vladereen од Бриж, Белгија. Во текот на последипломските студии има изработено повеќе од 20 семинарски трудови и проекти, позитивно оценети од страна на професори од наведените универзитети. Програмата на магистерските студии во целост е изведена на англиски јазик. Покрај ова кандидатот ги има завршено највисоките степени по англиски јазик во училиште за странски јазици.

Со одлука на Наставно научниот совет на Економскиот факултет-Скопје при Универзитет "Св. Кирил и Методиј", како подобна е оценета темата за неговата докторска дисертација под наслов "*Управување со квалитетот во одбраната на Република Македонија со шест сигма методологија*" на која моментално работи.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА И НАСТАВНО ИСКУСТВО

Во текот на 2009 и 2010 година со договор е ангажиран од страна на Министерството за образование и наука како проектен менаџер и координатор за соработка со странски универзитети и привлекување на странски универзитети во Р. Македонија.

Список на изработени за време на магистерските студии:

1. Ivanovski Stefan, "Albertsons Company Analysis", University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

2. Dimovski Borce, Ivanovski Stefan, "Case Study – Alpha Company Case", University West Vlaanderen, Bruges, Belgium, 2008.

3. Ianovski Stefan, "UPS Company Value Chain", Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

4. Ivanovski Stefan, "Applying E-Catalog in Furniture Retail Industry", Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

5. Ivanovski Stefan “Applying Security System in On-line Payment in Retail Industry”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

6. Tikvarovska Iskra, Petrov Jovan, Ivanovski Stefan, Dimovski Borce, “Business Plan Model for Virtual Community”, University West Vlaanderen, Bruges, Belgium, 2008.

7. Ivanovski Stefan, “Applying MIS in Country Fire Authority”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

8. Ivanovski Stefan “Developing E-business Curriculum”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

9. Ivanovski Stefan “Digital divide in Macedonia”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

10. Ivanovski Stefan “HSBC Malaysia – Case Study”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

11. Ivanovski Stefan, “MIS in Metro Company”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

12. Ivanovski Stefan, Kocmanovski Martin, Jovanovska Sonja, Sekerova Borkica, “Object modeling project – Bus station”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

13. Ivanovski Stefan, Dimovski Borce, “MIS in Papcar Case”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

14. Tikvarovska Iskra, Petrov Jovan, Ivanovski Stefan, Dimovski Borce, “Project - Simens Transformation - Bautzen Case”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

15. Tikvarovska Iskra, Petrov Jovan, Ivanovski Stefan, Dimovski Borce, “EXIT Festival Marketing Plan”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

16. Ivanovski Stefan, “Business Process Transformation for Blikom Company - Case Study”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

17. Ivanovski Stefan, “Restoration Hardware Analysis”, University West Vlaanderen, Bruges, Belgium, 2008.

18. Ivanovski Stefan, Dimovski Borce, “Snyder's Case”, University West Vlaanderen, Bruges, Belgium, 2008.

19. Ivanovski Stefan, Tikvarovska Iskra, Petrov Jovan, Diovski Borce, “Amazon.com Strategic Analysis”, Fontys University of Applied Sciences, Eindhoven, The Netherlands, 2008.

20. Ivanovski Stefan, “Web Analysis”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

21. Ivanovski Stefan, “E-Procurement as an Instrument for Hotel SCM”, University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.

М-р Стефан Ивановски има исто така публикувано повеќе трудови на меѓународни конференции и во научни списанија. До сега кандидатот ги има објавено следните научни трудови, наведени по хронолошки редослед:

22. Ivanovski Stefan, Pulevska Lidija, “*Transforming Army-Human and Technological Aspects*”, магистерски труд, Економски факултет, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Скопје и University Pantheon, Sorbonne, Paris I, Paris, France, 2009.
23. Pulevska Lidija, Ivanovski Stefan, “Knowledge Management and Information Technology in Military Organizations” (во коавторство) – научно списание *Management and Education*, vol. V(1), University "Prof. Dr. Assen Zlatarov", Faculty of social sciences, Bourgas, Bulgaria, 2009, pp. 160-166.
24. Ivanovski Stefan, Pulevska Lidija, “Towards Army Knowledge Management” (во коавторство) - *Proceedings from the 7th International Scientific Conference "Towards the Knowledge Era",* Faculty of Management-Novi Sad, Faculty of Maritime-Split, Faculty of Economics-Split and Faculty of Philosophy-Split, 23-26 September, 2009, Split, Croatia.
25. Pulevska Lidija, Ivanovski Stefan, “Organization Transformation through Knowledge Management and Information Technologies” (во коавторство) – Proceedings from the 29th International Conference on Organizational Science Development “People and Organization”, Faculty of Organizational Sciences, University of Maribor, 24-26 March 2010, Portorož, Slovenia, pp. 1199-1205.
26. Ivanovski Stefan, Pulevska Lidija, “Application of e-CRM in Macedonian Tourism Industry” (во коавторство) – *Proceedings from the Fourth International Biennial Congress “Hospitality and Tourism-Holistic Approach”*, College of Hotel Management-Belgrade, Faculty of Management-Prešov, Slovakia and College of Economy, Tourism and Social Sciences-Kielce, Poland, 22-23 April 2010, Belgrade, Serbia.

**4. м-р Тања Митева**

**I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Тања Митева родена на 24.01.1983 година од село Теранци Кочанско. Заврши основно образовани во основното училиште "Климент Охридски" во село Облешево. Средно образование во државното средно училиште "Љупчо Сантов" во Кочани и се

има стекнато со знаење економски техничар. Во 2001 година се запишува на додипломски студии на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје на Економски Факултет на департмантот Општа економија, се покажа како успешен и добар студент и се стекна со титулата дипломиран економист во 2006 година. За време на студиите има посетувано курс за англиски јазик во училиштето за странски јазици "Ексико" во Скопје.

По дипломирањето работеше во Хипермаркетот "Рамсторе" во Скопје како асистент за продажба (во период од 6 месеци) и во истиот период односно 2007 година се запиша на втор циклус на студии на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје на Економски Факултет на отсекот Монетарна економија, во декември 2009 година го одбранила магистерскиот труд со тема *"Финансиските иновации – нова ера на финансиски развој"* и се има стекнато со титулата магистер по економски науки. (Во периодот за време на последипломските студии има престојувано во Германија на работа 9 месеци но не од економска струка.). Во моментот невработена.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА И НАСТАВНО ИСКУСТВО

## V. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа погоре изнесеното, првите тројца кандидати формално правно ги исполнуваат условите за избор на соработник по предметот *Економика со основи на финансиски менаџмент,* меѓутоа анализирајќи ги кандидатите во поглед на работното искуство поврзано со научната област Економски науки, бројот на публиковани трудови, соработката и учеството во проекти од домашен и меѓународен карактер, кандидатот м-р Стефан Ивановски, капетан, отскокнува во однос на другите кандидати. Рецензионата комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" – Скопје, кандидатот **м-р Стефан Ивановски, капетан** да го избере во звањето **соработник** во наставно-научната област Економски науки, по предметот "***Економика со основи на финансиски менаџмент***".

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:**

1. **Д-р Трајан Гоцевски, ред. проф. на Филозовски факултет – Скопје, с.р**

2. **Д-р Фотев Ристо, ред. проф. на Економски факултет– Штип, с.р**

3. **Д-р Драге Петрески, доцент, полковник на Воена академија – Скопје, с.р**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТОТ КОМУНИКАЦИЈА И КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ**

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование ("Службен весник на Република Македонија", бр 35/08, 103/08, 26/09) и Законот за Воена Академија (Службен весник на Република Македонија"бр 83/09), со Одлука бр.05-25/86 од 21.10.2010 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Воената Академија, одржана на 21.10.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник по предметот *Комуникација и комуникациски вештини*. На конкурсот објавен во весниците „Вечер" и „Лајм" од 14.09.2010 година за избор на еден соработник по предметот *Комуникација и комуникациски вештини* се пријавија 3 кандидати и тоа: м-р Валентина Симонова, поручник; м-р Татјана Гоговска и м-р Дарјан Раденковиќ. По прегледот на конкурсните материјали го доставуваме следниот,

**И З В Е Ш Т А Ј**

Сите три кандидати со пријавите доставиле и документи од кои се гледа дека условите од конкурсот *кандидатите да имаат работно искуство во Министерството за одбрана и АРМ и да се воени лица, офицери во чин поручник и повисоко* го задоволува кандидатот м-р Валентина Симонова, поручник, додека кандидатите м-р Татјана Гоговска и м-р Дарјан Раденковиќ, не го задоволуваат. И покрај тоа, во Извештајов ги оценуваме сите три кандидати, затоа што таксативно се бара од нас во Одлуката за формирање на рецензентската комисија (бр. 05-25/86 од 21.10.2010 година).

**1. М-р Валентина Симонова, поручник**

**I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатот м-р Валентина Симонова, поручник, родена е на 10.08.1976 година, во Неготино. Средно училиште завршила во Неготино. Во 2002 година дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, смер *финансов сметковотствен менаџмент*.

Во 2003 година завршува Курс за стручно оспособување и усовршување на офицери за службите во АРМ на Воената академија во Скопје, и се стекнува со чин поручник.

Во 2008 година се запишува на посдипломските студии на Економски науки, смер *менаџмент во банкарскиот, профитен и непрофитен сектор*, каде по успешно положните испити, предвидени со студиската програма, во 2010 година кандидатот го одбранил магистерски труд под наслов "*Управување со индивидуални разлики при*

*организациски конфликти”*, со што се стекнува со звањето магистер на Економски науки.

Има посетувано повеќе курсеви, а еден од нив е курсот Office management во 2002 година, организиран од Education and Training Center Pivara - Skopje.

Во 2003 година се вработува во ВП 1095 – Скопје, како инструктор по интенданска служба. Од 2004 до денес работи како командир на интендански вод, во четата за логистичка подршка во Воена академија.

## II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во 2002 година, работи како наставник волонтер, во болницата за лица со посебни потреби, Специјален завод, Демир Капија.

Во 2003 година како инструктор по интендантска служба изработува планови за реализација на наставата.

Со одлуки на Наставно-научниот совет на Воената академија од 2007 година па до сега активно е вклучена во наставниот процес на Воената академија, со изведување на настава и вежби по предметите: Организација и економика на исхраната, Тактика на интендантска служба и Организација и економика на опремата, и изведување на вежби по предметот Воена логистика.

Во мај и јуни 2010 година, кандиндатот бил ангажиран во работната група, за успешна реализација на Меѓународната активност ЛЕТЕН КАМПУС 2010.

**2. М-р Татјана Гоговска**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Татјана Гогоска родена е на 24.07.1961 година.

Работно искуство:

- Од 1982 до 1985 година работи во печатени медиуми: Нова Македонија Вечер, Стопански весник;
- Од 1983 до 1985 година работи во Македонско радио;
- Од 1985 до 2010 година континуирана работа во Македонската Радио Телевизија;

Во 2009 година со успех ја одбрани магистерската тема *„Влијаниетио на телевизиските играни програми за деца врз нивниот емоционален развој''* на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Други доквалификации, курсеви и вештини:

- Тренер по новинарство-обука во Македонскиот Институт за медиуми 2004-2006;
- Тренер за телевизиска програма за млади, обука 2003-2005 Германска Телевизија – ZDF.

Учество на семинари:

- 1995- Семинар во Организација на EBU – Милано- Италија, Медиумскиот простор како простор за поврзување,

- 1999- Белград, Телевизиите во поранешните Југословенски Републики,
- 2006- Сараево, Телевизијата како медиум кој го обединува светот, со учество на преставници на сите Поранешни Југословенски Републики, Германија и Израел;
- 2006- Букурешт, EBU - Обединување на делови на програмите на пошироко европско тло.

Странски јазици: Англиски-солидно. Работа со компјутери: MS OFFICE.

Лични и професионални карактеристики:

- Комуникациски и организаторски способности;
- Способност за прилагодување, решавање на проблеми и динамична работа;
- Воведува креативност, инвентивност и постојана мотивација во работата.

**3. М-р Дарјан Раденковиќ**

## I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р **Дарјан Раденковиќ**, роден е на 29.09.1982 година.

Средно образование завршил во ДУСО „Орце Николов„ 1996-2000 година, насока Општа гимназија. Високо образование завршил на Филолошки факултет - Скопје, 2000-2005 година, насока: Општа и компларативна книжевност. Последипломски студии завршил на Институт за социолошки и политичко-правни истражувња – Скопје, каде 30.04.2009 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов *„Анализа на критиката на турбофолк културата''*, се здобил со звање магистер по комуникации.

Работно искуство:

- **Бизнис Академија „Смилевски„** - од 01.09.2010 година. Работно место: предавач. Главни активности и одговорности: организирање и одржување на настава по предметот „Односи со јавност„;
- **Македонски Институт за Медиуми – Проект за унапредување на медиумската писменост во образованието во Р.Македонија** - од 01.01.2010 година. Работно место: уредник на web страната на проектот. Главни активности и одговорности: собирање и уредување на податоците кои се објавуваат на web страната; следење на најновите информации поврзани со медиумската писменост;
- **Здружение на граѓани – Младинска Алтернатива** - од 15.07.2009 година. Работно место: лице за контакт со надворешни партнери. Главни активности и одговорности: контакт со администрацијата на програмата Млади во Акција во Брисел при апликацијата и имплементацијата на проектите од програмата;
- **Европски Универзитет – Република Македонија** - од 15.06.2006 до 30.06.2009 година. Работно место: асистент. Главни активности и одговорности: одржување на настава (вежби) по предметите Македонски јазик, Историја на масовни комуникации, Техники на комуницирање, Односи со јавност, Јавно мнение и масовни комуникации, Политика и медиуми, Комуницирање и преговање, координација на проекти во организација на Универзитетот, административни работи.

Кандиадатот од странски јазици познава: англиски - одлично познавање; српски - одлично познавање (судски преведувач); италијански - основно познавање. Поседува

организациски способности: чувство за организирање координирање и самоницијативност. Компјутерски способности: Microsoft office (Windows, Word, Excel, PowerPoint), Internet.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за професионалните биографии, работното искуство и резултатите на кандидатите пријавени на конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Валентина Симонова, поручник, ги исполнува условите предвидени со конкурсот, додека кандидатите м-р Татјана Гоговска и м-р Дарјан Раденковиќ не ги задоволуваат условите од конкуирсот *кандидатите да имаат работно искуство во Министерството за одбрана и АРМ и да се воени лица, офицери во чин поручник и повисоко,* поради што Рецензентската комисија не може да ги предложи за избор во наставно звање во областа за која конкурирале.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Валентина Симонова, поручник, има завршено Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Курс за стручно оспособување и усовршување на офицери за службите во АРМ на Воената академија во Скопје и постдипломски студии-магистратура од општествените науки.

Имајќи го предвид досега изнесеното, како и одредбите во член 128 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 35/08) и одредбите во член 37 од Законот за Воената академија („Службен весник на РМ" бр. 83/09), може да се заклучи дека кандидатот м-р Валентина Симонова, поручник, ги исполнува условите за избор за соработник според конкурсот распишан од Наставно-научниот совет на Воената академија. Рецензентската комисија смета дека магистерскиот труд од областа на општествените науки е тесно поврзан со наставните содржини од предметот за кој конкурира кандидатот, што го прави подобен во однос на конкурсните услови.

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно - научниот совет на Воената академија "Генерал михаило Апостолски" - Скопје кандидатот **м-р Валентина Симонова** да го избере за **соработник** во наставно – научната област општествени науки, по предметот: **Комуникација и комуникациски вештини.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Д-р Славко Ангелесвки, вон. проф., полковник на Воена акдемија – Скопје, с.р**
2. **Д-р Фросина Ташевска- Ременски, доцент, на Факултет за безбедност – Скопје, с.р**
3. **Д-р Радица Гарева, доцент, на Воена акдемија – Скопје, с.р**